| European Bank for Reconstruction and Development | OHRIDSKA BANKA SOCIETE GENERALE GROUP |
|---|---|
| Контакт: Аксел Реисерер<br>Тел: +44 20 7338 6741<br>E-mail: reiserea@ebrd.com | Контакт: Светлана Штерјова<br>Тел: + 389 2 3 167 709<br>E-mail: svetlana.sterjova@ob.com.mk |
| **ЗА ИТНА ОБЈАВА** | |

Датум: 18 декември 2013

# Подршка за македонскиот прехрамбен сектор

Поддршка на ЕБОР за преработувачот на зеленчук и овошје Випро

------------------------

ЕБОР, заедно со Охридска банка Сосиете Женерал, го поддржува растот и проширувањето на македонскиот производител на храна Випро, во износ од 1,3 милиони евра. Випро е еден од водечките производители на преработени производи од зеленчук и овошје во земјата.

Проширувањето на Випро служи како пример за потенцијалот на македонската економија. Основан во 1992 година од страна на Виктор Петров, претставува пример на семен бизнис, кој во изминативе години бележи рапиден раст. Денес Випро извезува 55% од своето производство кое што вклучува ајвер, лутеница, пастеризирани корнишони, кисели краставички, џем и мармалад, кои што се извезуваат во земјите на Балканот, САД, Германија, Австралија, Нов Зеланд и Унгарија.

Финансирањето ќе се искористи за поддршка на натамошните планови за развој на компанијата, кои вклучуваат, помеѓу другото, комплетирање на две производни линии и зголемување на капацитетите за студено складирање. ЕБОР ќе обезбеди 38% од новото финансирање кое ќе биде обезбедено од програмата на банката за финансирање на претпријатија со средна големина, договор потпишан со Охридска банка во мај 2013, кој му овозможува на ЕБОР да стане првата меѓународна финансиска институција,која заедно со локалните банки ко-финансира македонски компании.

Анка Јоана Јонеску, Претставник на ЕБОР за Македонија истакна:„Ни претставува задоволство да го потпишеме овој договор, од повеќе причини. Најпрво, се материјализира поддршката на ЕБОР на македонскиот реален сектор и покажува дека имаме доверба во македонските компании. Второ, го зајакнува нашето партнерство со Охридска банка, на која сме и мошне благодарни за помоштта во промовирање и развојот на овој производ. И конечно, се потпомага промовирањето на македонскиот земјоделски

потенцијал и се помага промовирањето на една од водечките компании во овој сектор - Випро, чиј развој ЕБОР со особена гордост го поддржува.”

Филип Котора, Член на Управниот Одбор на директори на Охридска банка истакна:„Охридска банка останува верна на првичната мисија на Сосиете Женерал, од пред 150 години - финансирање на развојот на клучните индустрии. Храната е стратешка индустрија во земјата. Голем број на компании започнале од ништо, со помош на храбро претприемаштво во време кога сите шанси биле против нив. Преку жртвување и истрајна работа, трасирале сопствен пат на странските пазари, кој на почетокот од работењето им изгледал недостижен. Нивната тајна на успехот е оригиналниот квалитетен производ. Випро е олицетворение на потенцијалот на оваа индустрија. Охридска банка е посветена да му помогне на Випро во зголемување на производните капацитети и снабдување на странските пазари со производи вон традиционалните, од локалните производители. Во партнерство со ЕБОР, обезбедуваме долгорочно финансирање на Випро, по конкурентни услови. Помагањето на локалните компании успешно да се натпреваруваат на глобалните пазари ја одразува посветеноста на Охридска банка и на ЕБОР кон македонската деловна заедница. ”

Виктор Петков, Извршен директор на Випро додаде: „Випро Гевгелија е фирма која веќе две децении се занимава со преработка на зеленчук и овошје. Випро е развојно и извозно ориентирана фирма, пристап кој бара средства за негова реализација. Можноста да бидеме дел од кредитирањето на Охридска Банка и ЕБОР, ќе му овозможи на Випро да ги зголеми своите инвестициони активности, а преку тоа ги зголеми ефикасноста, производството и продажбата. Во соработка со Охридска банка и Европската банка за обнова и развој ќе го продолжиме нашиот интензивен тренд на развој преку осовременување на новата фабрика во Прдејци - Гевгелија. Досега годишната преботувачка на суровина изнесуваше околу 3.000.000 ЕУР ( свеж зеленчук и овошје) годишно, а со реализација на новите инвестиции планираме да ја дуплираме нашата преработуванчка на суровина на 6.000.000 ЕУР годишно. На тој начин истовремено придонесуваме за локалниот развој, зголемени директни вработувања во нашето производство и логистика, како и за зголемен откуп на земјоделски производи од примарното производство. ”

ЕБОР започна со инвестирање во Македонија во 1993 година и до денес во земјата има потпишано над 80 проекти со нето кумулативен бизнис обем од над 1.1 милијарда евра.

###

*ЕБОР е во сопственост на 64 земји и две меѓувладини институции, го поддржува развојот на пазарните економии и демократии. Следете нѐ на web, Facebook и Twitter.*